РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

бр. 1617 – 13013/1
15 – 09 – 20 21 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 15 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), член 18 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности (бр. 01-7492/10 од 30.04.2013, бр.01-548/8 од 30.01.2015 година, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20 ), а согласно член 8 од Политика за создавање на систем за заштита на лични податоци во Агенцијата за катастар на недвижности бр.0204-12218/1 од 24.08.2021 година, директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ТЕХНИЧКО УПАТСТВО ЗА ЧУВАЊЕ НА РЕЗЕРВНА КОПИЈА (backup) НА ПОДАТОЦИТЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Со Техничкото упатство се пропишува начинот за правење на сигурносна копија, нејзино чување, како и начинот на повторно враќање на зачуваните лични податоци во сигурносната копија кои се обработуваат во Агенцијата за катастар на недвижности (во понатамошниот текст: АКН) во својство на контролор.

## 1.Правење на сигурносни копии

Агенцијата прави сигурносни копии на личните податоци на редовни временски интервали со цел да го намали ефектот во случај на нивно губење или оштетување.

Агенцијата редовно ја проверува функционалноста на направените сигурносни копии на личните податоци за вршење на реконструкција на личните податоци.

За правење на сигурносни копии на податоците Агенцијата располага со електронска и комуникациска опрема, поточно со сервер на кој е инсталиран софтвер за бекап на податоци, при што постојано автоматски се меморираат внесените податоци.

Овој сервер ги зачувува податоците на Storage уред. Во случај на пад на информацискиот систем или негово оштетување од каква било причина, се овозможува сите податоци да останат зачувани на Storageуредот.

## 2. Заштита од неовластен пристап

Заради заштита од неовластен пристап до податоците на серверот на кој е инсталиран софтверот за бекап на податоци и Storageуредот на кој се зачувуваат податоците, истите се сместени во посебна безбедна просторија заштитена со сигурносна брава до која имаат пристап само овластени лица од Агенцијата.

Податоците се бекапираат еднаш неделно на Storage уредот и таму се чуваат еден месец. Сите сервери се бекапираат како виртуелни машини. Во случај на пад на информацискиот систем на Агенцијата, се враќаат податоците кои претходно биле

зачувани на Storage уредот.

### 3.Повторно враќање на зачуваните лични податоци и евидентирање

При повторно враќање на зачуваните лични податоци се врши евидентирање на овластеното лице кое е овластено за извршување на операциите за повторно враќање на податоците, датумот на враќањето на податоците, категориите на подаоците.

### 4. Објава

Оваа техничко упатство влегува во сила со денот на донесувањето и истото се објавува на ВЕБ страницата на АКН .

ДИРЕКТОР

м-р Борис Тунцев